# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## на општина Новаци

Број 02/23

**Излегува по потреба 09.02.2023 год. четврток бр. 02 година XXVII**
**ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија**
**E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (IСлужбен весник на Р.М.в бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци (IСлужбен гласник на Општина Новацив бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за доделување на финансиска помош на настраданите од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република

1. Се прогласува, Одлука за доделување на финансиска помош на настраданите од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 08.02.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новацив.

Бр. 08-172/1
09.02.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (ееСлужбен весник на РМее бр 5/2002), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (ееСлужбен гласник на Општина Новациее бр. 07/2019,), Советот на Општина Новаци донесе:

ОДЛУКА
за доделување на финансиска помош на настраданите од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република

Член 1
Со оваа Одлука се доделува финансиска помош на настраданите од силниот земјотрес кој ги погоди Република Турција и Сириска Арапска Република, на ден 06.02.2023 година.

Член 2
Финансиската помош од Член 1 на оваа Одлука, ќе изнесува вкупно 150 000, 00 денари, кој ќе се исплатат од Буџетот на Општина Новаци за 2023 година.

Член 3
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-164/4
08.02.2023г.
Новаци

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

**<u>С О Д Р Ж И Н А :</u>**


1. Заклучок за прогласување на Одлука за доделување на финансиска помош на настраданите од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република
2. Одлука за доделување на финансиска помош на настраданите од земјотресот во Република Турција и Сириска Арапска Република



Издавач: Општина Новаци
тел. 047 203 060
Буџет на Општина Новаци
Сметка: 749014004563010 Народна банка на РСМ
Д.Б. 4002004169848
Приходна Шифра 752939